

Соопштение за јавноста од одржаната работна посета на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во просториите на Агенцијата за разузнавање на 05.02.2016 година

На барање на Собраниската Комисија, а по претходна иницијатива за тематски средби и подготвеност за соработка на Агенцијата за разузнавање (АР) со членовите на Комисијата, денес во просториите на АР беше одржана работна посета за презентација на активностите на АР. Пред членовите на собраниската Комисија беа презентирани активностите на АР кои се преземаат со цел идентификување на безбедносните закани кои произлегуваат од :

- активности на поединци и групи кои манифестираат насилен екстремизам и верски радикализам со потекло од земјите на Балканот и нивната поврзаност со терористички структури на Блискиот Исток и во земјите членки на ЕУ,
- опасноста од џихадистичките борци кои војуваат во Сирија и Ирак а се со потекло од Македонија и земјите на Балканот за вршење на терористички активности во Регионот и Европа,

- опасноста за инфилтрирање на припадници на терористички структури од кризните региони во рутата за движење на бегалците преку балканскиот коридор,
- соработката и активностите на АР со партнерските служби во насока на размена на податоци и заеднички операции на терен.

На средбата беше упатена благодарност до членовите на Комисијата од различните пратенички групи кои поднесоа заедничка иницијатива за зголемување на средствата за работа на АР за Буџетот за 2016 година. ###